# Рамка за способност за работна сила на NDIS: Материјали за вработување и селекција

## NDIS Workforce Capability Framework: Recruitment and Selection Resources Macedonian | Македонски

Рамката за способност на работната сила на NDIS (NDIS Workforce Capability Framework) (Рамката) ги опишува однесувањето, вештините и знаењата што се очекуваат од сите работници финансирани во рамките на NDIS. Обезбедува јасни, практични примери и воспоставува заеднички јазик за „како треба да изгледа доброто“ за учесниците кои добиваат услуги и поддршка од NDIS.

Материјалите за вработување и селекција даваат совети како да се спроведе процесот на вработување користејќи ја Рамката. Насоки чекор-по-чекор и шаблони за преземање се обезбедени во две верзии, една за давателите на услуги и една за учесниците кои вработуваат свои работници.

*Пристапот до шаблоните и упатствата „како да“ за секој чекор од процесот на вработување е од вредност за давателите на услуги или учесниците кои ангажираат работници за поддршка. Шаблоните и примерите навистина покажуваат како да се вработува за способности.*

## Што да се очекува

Ова упатство ги поддржува давателите на услуги на NDIS и учесниците да вработуваат и избираат работници имајќи ја предвид Рамката.

- **Усогласете:** Усогласете го вашиот процес на вработување со Рамката.
- **Истражувајте:** Пристапете до совети и практични упатства за секој чекор од процесот.
- **Пристап:** Преземете шаблони кои може да се уредат за да го поддржите процесот на вработување.

## Упатство во пракса:

**Учесник:** Kyle вработува сопствени работници за поддршка со самоуправуван пакет на NDIS. Тој го користел Градителот на опис на работно место (Position Description Builder) за да ги изложи своите очекувања и други клучни информации пред да продолжи со вработувањето, така што тој е јасен за способностите што ги бара, но не е сигурен какви чекори да преземе за да вработи работници или како да интервјуира и да ги избере вистинските работници.

Тој ги користи **Материјалите за вработување и селекција** за да оди чекор по чекор низ процесот на вработување, да состави прашања за интервју и да најде работници кои одговараат на неговите потреби. Ова му помага да размисли за некои прашања што претходно не ги разгледувал. На пример, тој организира да интервјуира апликанти во кафуле наместо во неговиот дом и го замоли неговиот брат да седи со него за да го поддржи со следење на одговорите и да му даде втора перспектива за апликантите.

**Учесник:** Jess ги ангажира нејзините работници преку давател на услуги, но има голем интерес за тоа кој е вработен во нејзиниот тим за поддршка. Нејзиниот давател на услуги ја охрабрува да биде дел од процесот и таа ги користи **Материјалите за вработување и селекција** за да го разбере секој од чекорите, за да може да одлучи кога и како сака да се вклучи.

Таа се согласува со давателот на услуги за критериумите што ќе ги користат за сортирање на апликациите и за да присуствува во комисијата за интервју и при процесот на селекција заедно со менаџерот за човечки ресурси и услуги од нејзиниот давател на услуги.

**Давател на услуги:** NDIS Care има планови да обезбеди нова специјализирана поддршка и сака за работата да ги вработи најдобрите работници, но тие немаат таков процес или шаблони.

Користејќи ги упатствата и шаблоните, NDIS Care развива процес на вработување дизајниран да го оцени апликантот според потребните специјализирани способности, како и основните способности и други барања. Врз основа на успехот на овој процес, NDIS Care одлучи да го користи ова упатство за да ги поддржи сите нивни идни потреби за вработување.

NDIS Care исто така ги користеше **Алатката за управување и планирање на работната сила** и **алатката за опис на работно место** за да развие јасни барања пред да продолжи со вработувањето.

## Пристап до упатството и негово користење

Материјалите за вработување и селекција се достапни „онлајн“ и „офлајн“, со материјали и шаблони што може да се преземат. Упатството може да се користи како ресурс додека одите низ стапките на вработување. Можете да ги преземете сите материјали, вклучувајќи ги и шаблоните, како една датотека или поединечно.

**Дојдете до упатството:** Материјалите за вработување и селекција | Способност за работна сила на NDIS (ndiscommission.gov.au)

За повеќе информации за Рамката или за нејзината примена, посетете ја веб-страницата: https://workforcecapability.ndiscommission.gov.au/.

**Контакт:** workforcecapability@ndiscommission.gov.au или 1800 035 554.